УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — КУМАНОВО

# НАТАША СТАНКОВСКА

ЦРТЕЖИ — ГРАФИКИ

НАТАША СТАНКОВСКА е родена 1966 год. во Скопје. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 1990 год. во класата на професор Димитар Малиданов.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1991 год. во Скопје.

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

Од 1986, 1987, 1988 и 1989 год. на годишните ИЗЛОЖБИ на студентите на ФЛУ од Скопје.

1990 год. на ИЗЛОЖБАТА на дипломирани студенти во САЛОНОТ на Домот на ЈНА во Скопје.

1991 год. на БИЕНАЛЕ НА МЛАДИТЕ во Музејот на Современа уметност во Скопје.

адреса: Коце Металец 70, Скопје

тел. (091) 205-982

Присуството на младата македонска ликовна генерација се повидливо и подоминантно се чувствува во современата македонска ликовна уметност.

Претставник на оваа млада генерација е и Наташа Станковска. Перцепцијата врз која и да било нејзина ликовна творба ни нуди можност да се пренесеме во трансцеденталниот простор каде што треба да ја откриеме интригата на пра формата. Барањето на сопствениот уметнички идентитет на оваа самостојна изложба авторката го експлицира со знаковно-декоративните композиции, пред сè видливи во цртежот (пастел техника). Силата на изразот е составен дел во истражувањето на геометриските затворени форми, дводимензионално зидани, каде што инстигацијата се сведува на архаични знаци, потсетувајќи нè на анаглиптичките творби.

Графичкиот израз се базира врз играта на строгост и флуидност на линијата и формата каде што неоткриената интрига и посебност нè води во антагонизмот на сентиментот на оваа млада авторка. Вриежот на страстите ги потенцираат контрастите и судирите на знаковните декоративни простори и пробиви на светлината. Сугерирајќи го просторот таа ни дава можност да навлеземе во испретплетени планови градени монохромно.

Она по што можеме да ги познаеме делата на Наташа Станковска е нејзиниот творечки знак изразен низ внатрешниот простор, во бездната на морфологијата, наметнувајќи ни ја илузијата на ирационалното.

Ангелина Кацарска — Корубин

ИЗЛОЖБАТА СЕ ОТВОРА НА
13 ДЕКЕМВРИ 1991 ГОД. ВО 18,30 ЧАСОТ
ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА
ВО КУМАНОВО